**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАЦЕВТСКА БОТАНИКА (3.05.02.09) И ФАРМАКОГНОЗИЈА (3.05.02.10) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-220/5 од 13.7.2026 година донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармацевтска ботаника (3.05.02.09) и фармакогнозија (3.05.02.10) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Ѓоше Стефков, редовен професор за наставно-научните области фармацевтска ботаника и фармакогнозија, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – претседател;
- проф. д-р Марија Карапанџова, редовен професор за наставно-научните области фармакогнозија и фармацевтска ботаника, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – член;
- проф. д-р Светлана Кулеванова, редовен професор во пензија, по предметите Фармакогнозија, Фитохемија и Фитотерапија, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – член;
- проф. д-р Татјана Кундаковиќ-Васовиќ, редовен професор за наставно-научната област фармакогнозија, Фармацевтски факултет, Универзитет во Белград, Белград, Србија – член;
- проф. д-р Лилјана Колева Гудева, редовен професор за наставно-научната област физиологија на растенија, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави: **проф. д-р Викторија Максимова**, вонреден професор за областа фармацевтска ботаника и фармакогнозија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата на кандидатката е навремена, комплетна и ја содржи следнава документација:

- Диплома за завршен трет циклус студии (еден примерок заверен кај нотар);
- Диплома за завршен интегриран прв и втор циклус на студии (еден примерок заверен кај нотар);
- Уверение за положени испити од интегриран прв и втор циклус на студии (еден примерок заверен кај нотар);
- Уверение за положени испити од трет циклус студии (еден примерок заверен кај нотар);
- Копија од Лиценца за работа за самостојно вршење на фармацевтска дејност (заверена кај нотар);
- Доказ за познавање на англиски јазик (Cambridge PET сертификат);
- Уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- Кратка биографија;

- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден примерок од трудовите објавени во последните пет години;
- Еден примерок од докторскиот труд (во печатена форма);
- Дополнителни сертификати, одлуки и решенија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Викторија Максимова е родена на 31.10.1985 година во Штип. Завршува основно образование во ОУ „Кузман Јосифовски-Питу“ во Кичево и средно образование во ДСМУ „Јане Сандански“ - Штип на насока Фармацевтски техничар, со континуиран одличен успех.

Во учебната 2004/2005 год. се запишува на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Дипломира во 2009 год. со одбрана на дипломскиот труд со наслов „Дијабетичка нефропатија, лекови кои се користат за превенција и лекување“, со просечен успех 8,93 и освоени 300 ЕКТС, при што се стекнува со академското звање магистер по фармација.

Од јули до октомври 2009 год. е вработена како стажант во ПЗУ аптека Ирис - Штип, а од септември 2009 год. е ангажирана како демонстратор (волонтер) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Во јуни 2010 г. го полага државниот испит и се стекнува со лиценца за работа од Фармацевтска комора на РСМ.

Во студиската 2011/2012 година се запишува на докторски студии на студиската програма по биотехнички науки на Катедрата за растително производство на Кампус 2 при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Предвидените испити од трет циклус на студии ги завршува со просечен успех 10,00.

Од јули 2011 година е избрана во звање помлад асистент од областа на фармацијата на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од ноември 2014 год. е избрана за асистент-докторанд од областите на фармацевтска ботаника и фармакогнозија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

На 28.10.2016 год. се стекнува со академски назив доктор по биотехнички науки, растително производство, по успешно одбранета докторската дисертација со наслов „Евалуација на антиоксидативни и цитотоксични особини на капсаициноиди екстрахирани од лути пиперки култивирани во Република Македонија“, која ги опфаќа и областите фармацевтска ботаника и фармакогнозија.

Со Одлука бр. 2002-120/7 од 18.4.2017 од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е избрана за доцент за наставно-научните области фармацевтска ботаника и фармакогнозија.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, бр. 2002-40/52 од 28.1.2022

донесена на 271. седница на ННС е избрана за вонреден професор за наставно-научните области фармацевтска ботаника (30606) и фармакогнозија (30607), при истиот факултет.

Поради заминување во пензија на претходниот член на Сенат на 4.10.2024 год. со тајно гласање на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, д-р Викторија Максимова е избрана за член на Универзитетскиот сенат при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со Одлука бр. од 2002-233/8.

Од 3.4.2025 год. со Одлука 2002-85/5 кандидатката е повторно избрана во втор мандат за член на Сенатот на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката д-р Викторија Максимова има голем придонес во научноистражувачката дејност на Факултетот за медицински науки и притоа е добитник на две признанија за научен придонес на Универзитет „Гоце Делчев“ за 2022 и 2023 година. Таа истовремено активно учествува и во повеќе научноистражувачки мрежи и проекти.

Кандидатката, во текот на нејзината повеќегодишна работа во соработничко и во наставно-научно звање е автор на повеќе трудови објавени во меѓународни списанија со фактор на влијание и во меѓународни научни списанија.

Публикациите на д-р Викторија Максимова се цитирани вкупно 1356 пати, со h-индекс=16 и i10-индекс=20 (при што од 2021 година до денес има 1042 цитати) според Google Scholar базата на податоци.

Пристапено до податоците на 28.7.2026 година (https://scholar.google.com/citations?user=BbwkqAoAAAAJ&hl=en).

Автор е на учебници, наставни материјали за предавања и вежби објавени во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“. Кандидатката поседува Cambrige English Level 1 Certificate (in ESOL International and Council of Europe - Level B2) со што докажува дека активно го владее и се служи со англискиот јазик.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Ознака ОНУ.ПРВ.01).**

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

**Општи услови за избор:**

- **Просечен успех од најмалку 8,00 на студиите од прв и втор циклус**

Кандидатката д-р Викторија Максимова ги завршува интегрираните студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје (300 кредити) со просечен успех 8,93 и се стекнува со звање магистер по фармација.

- **Научен степен доктор на науки од научната област во која се избира**

Кандидатката е доктор на науки со одбранета докторска дисертација под наслов „Евалуација на антиоксидативни и цитотоксични особини на

капсаициноиди екстрахирани од лути пиперки култивирани во Република Македонија", при што се стекнува со научен степен доктор на биотехнички науки-растително производство. Докторската теза е интердисциплинарна и ги разработува капсаициноидите кои се синтетизираат во физиолошките процеси во родот *Capsicum* и нивните специфичните ботанички и фармакогностички карактеристики.

- **Претходен избор во звање**

Кандидатката од 28.1.2022 год. со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, бр. 2002-40/52, донесена на 271. седница на ННС е избрана за вонреден професор за наставно-научните области фармацевтска ботаника (30606) и фармакогнозија (30607), при истиот факултет. Овие наставно-научни области се според Фраскатиева класификација важечка во моментот на изборот во вонреден професор на кандидатката, а според направеното усогласување и еквиваленција со новоусвоената Фраскатиева класификација од 2015 год. и Уредбата објавена во Службен весник на РСМ од 2024 год. (важечка во моментов на овој избор во звање) соодветствуваат на наставно-научните области фармацевтска ботаника (3.05.02.09) и фармакогнозија (3.05.02.10).

- **Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор**

Кандидатката во изборниот период од 5 години до денот на поднесувањето на пријавата има објавено 13 научни труда кои претставуваат референтни научни публикации во согласност со Законот за високо образование. Сите се објавени на е-репозиториумот на УГД. Кандидатката има објавено 6 научни труда во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (индексирани во Web of science и Scopus) и 7 научни труда во референтни научни публикации - меѓународни научни списанија, и тоа:

***Објавени научноистражувачки трудови во референтна научна публикација - научно списание со фактор на влијание во последните 5 години:***

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Наслов на списанието | Фактор на влијание |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Rojo, A. I., Buttari, B., Cadenas, S., Carlos, A.R., Cuadrado, A., Falcao, A. S., Lopez, M.,G., Georgiev, M. I., Grochot-Przeczek, A., Gumeni, S., Jimenez-Villegas, J., Horbanczuk, J.O., Konu, O., Lastres-Becker, I., Levonen, A-L., **Maksimova, V.,** Michaeloudes, C., Mihaylova, L. V., Mickael, M. E., Milisav, I., Miova, B., Rada, P., Santos, M., Seabra, M. C., Svob Strac, D., Tenreiro, S., Trougakos, I.P., Dinkova-Kostova, A. T. | *Model organisms for investigating the functional involvement of NRF2 in non-communicable diseases.* | Redox Biology, 2025, 79. https://eprints.ugd.edu.mk/35410/ | I.F = 16.2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Stavrova, V., Simonoska-Crcarevska, M., Naumovska, Z., Bozhinovska, B., Andonoska, J., Stavric, K., **Maksimova, V.**, Meštrović, A., Rouse John, M. | *What a SMART pharmacist can discover in only one day: A public health initiative focused on diabetes in North Macedonia* | Healthcare, 2025, 13 (17). https://eprints.ugd.edu.mk/37417/ | I.F = 3.4 |
| **3.** | Drakalska, E. Arev, M., Apostolova, P., Karpicarov, D., **Maksimova, V.**, Miceva, D., Cvetkovski, A., Samardziska, M. | *Preparation and characterization of amphiphilic cream formulations with meloxicam.* | Pharmacia, 2024, 71 (1–7). https://eprints.ugd.edu.mk/35071/ | I.F=1.5 |
| 4. | Deligiannidou, G-E., Philippou, E., Vasiari, E., Andrade, V., Massaro, M., Chervenkov, M., Ivanova, T., Jorge, R., Dimitrova, D., Ruskovska, T., Miloseva, L., **Maksimova, V.**, Smilkov, K., Gjorgieva Ackova, D., Garcia Conesa, M-T., Pinto, P., Kontogiorgis, C. A. | *Exploring the relationship between Mediterranean diet adherence and subjective well-being among Greek and Cypriot adults* | Nutrients, 2024, 16 (8). p. 1238. https://eprints.ugd.edu.mk/34483/ | I.F=5.8 |
| **5.** | Gjorgieva Ackova, D., **Maksimova, V.**, Smilkov, K., Buttari, B., Arese, M., Saso, L. | *Alkaloids as natural NRF2 inhibitors: chemoprevention and cytotoxic action in cancer.* | Pharmaceuticals, 2023, 16. p. 850. https://eprints.ugd.edu.mk/32054/ | I.F=4.3 |
| **6.** | Andrade, V., Quarta, S., Tagarro, M., Miloseva, L.,Massaro, M., Chervenkov, M., Ivanova, T., Jorge, R., **Maksimova, V.,** Smilkov, K., Gjorgieva Ackova, D., Ruskovska, T., Philippou, E., Deligiannidou, G-E., Kontogiorgis, C.A., Garcia Conesa, M-T., Pinto, P. | *Exploring hedonic and eudaimonic items of well-being in Mediterranean and non-Mediterranean countries: influence of sociodemographic and lifestyle factors.* | International Journal of Environmental Research and Public Health, 2022, 19 (3). p. 1715. https://eprints.ugd.edu.mk/29720/ | I.F= 3.7 |

***Објавени научноистражувачки трудови во референтна научна публикација - меѓународни научни списанија***

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Наслов на списанието | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Kuzmanoska M., Risteska T., **Maksimova V.** | *Comparative analysis of bioactive component content in two varieties of Humulus lupulus* L. | Journal of agriculture and plant sciences, 2026, 24, 1. (in press) On line: ISSN 2545-4455 https://eprints.ugd.edu.mk/38636/ | 2000 |
| **2.** | Aleksandrov, M., **Maksimova, V.**, Smilkov, K. | *Microencapsulation techniques for cannabinoids: pharmaceutical approaches, technological challenges, and formulation perspectives* | Archives of pharmacy, 2026, 76 (1). ISSN 2217-8767 https://eprints.ugd.edu.mk/38491/ | 1951 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Cvetanov A., Bogevski K., **Maksimova V.,** Janevik-Ivanovska E. | *Post-harvest drying of Cannabis sativa L. flowers and its impact on the preservation and extraction of bioactive phytochemicals* | Journal of agriculture and plant sciences, 2026, 24, 1. (in press) On line: ISSN 2545-4455 https://eprints.ugd.edu.mk/38635/ | 2000 |
| 4. | Aleksandrov, M.,Gelevska, O., Stojova, C., Ivanov, I., Ananieva Bozinov, L., **Maksimova, V.** | *Cannabidiol based borderline products – from development to registration processes* | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2023, 69 (1). https://eprints.ugd.edu.mk/32890/ | 2001 |
| **5.** | Milev, M., Angeleska, M., Georgieva, M., **Maksimova, V.**, Janeva, M., Miloshev, G., Ruskovska, T. | *Vitamins E and C exert protective roles in hydrogen peroxide-induced DNA damage in human peripheral blood mononuclear cells* | Genetika,2022, 54 (3). pp. 1023-1034. ISSN 0534-012 https://eprints.ugd.edu.mk/31048/ | 1969 |
| **6.** | Gjorgieva Ackova, D., **Maksimova, V.**, Smilkov, K. | *Plant bioactive compounds affecting biomarkers and final outcome of COVID-19* | Archives of pharmacy, 2022, 72 (2). pp. 212-230. ISSN 2217-8767 https://eprints.ugd.edu.mk/29754/ | 1951 |
| **7.** | **Maksimova, V.,** Drakalska, E., Vasileva, M. | *Potential use of Sambucus nigra ointments for skin treatment in ethnomedicine in Republic of North Macedonia* | Macedonian pharmaceutical bulletin, 2022, 68 (1). pp. 237-238. ISSN 1857 – 8969 https://eprints.ugd.edu.mk/30821/ | 2001 |

- **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик**

Кандидатката активно се служи со англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English – B2).

- **Има објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира**

Кандидатката има објавено:

- **учебник:** Максимова В., (2023) „Фитофармација - современи аспекти на употребата на хербални биоактивни компоненти“ – учебник. Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Факултет за медицински науки. ISBN: 978-608-277-024-6, http://e-lib.ugd.edu.mk/1167
- **практикум за лабораториски вежби:** Максимова В., Веселинова Б., Богевски К. (2026) Ботаника за фармацевти-практикум. Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Факултет за медицински науки. ISBN: 978-608-277-158-8, https://e-lib.ugd.edu.mk/1271

- **Има способност за изведување на високообразовна дејност**

Со повеќегодишното активното учество во наставата како вонреден професор на повеќе задолжителни и неколку изборни предмети, кандидатката покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

- **Под нејзино менторство изработени дипломски или магистерски или докторски тези**

Кандидатката учествува во наставата на прв, втор и трет циклус студии. Во периодот од февруари 2022 до јуни 2026 г. кандидатката е ментор на дипломски теми (17 дипломски трудови/завршни испити на студенти од студиските програми Фармација и Медицински лаборант), како и член на комисии за одбрана на дипломски трудови (претседател/член на над 60 комисии за одбрана на дипломски труд/завршен испит на студенти од студиските програми Фармација, Медицински лаборант).

Ментор е на тројца студенти од втор циклус студии за изработка на академски-специјалистички трудови (студентите Ѓорѓи Темов, Матеа Кузманоска, Елена Јованова). Член на Комисија за јавна одбрана на специјалистичкиот труд на Ѓорѓи Темов со Одлука број 2002-267/48 од 14.11.2025 година донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на академската специјализација по Фитотерапија и суплементација. Кандидатката е ментор и на тројца докторанди на студиска програма Фармација (трет циклус).

- **Учество во научноистражувачки проекти:**

Viktorija Maksimova, ARC for Health and Wellbeing, Working Package 3, *Applied, Connected, Entrepreneurial and Engaged European University (ACE2-EU).* (2026-тековно)

Viktorija Maksimova, MC Member, COST Action 23119: *SENESCENCE2030: Targeting Cell Senescence to Prevent Age-Related Diseases.* (2024-тековно)

Viktorija Maksimova, MC Member, COST Action 20121: *Bench to bedside transition for pharmacological regulation of NRF2 in noncommunicable diseases (BenBedPhar)- CA20121.* (2021-2025)

Viktorija Maksimova, MC Member, COST Action 19116: *CA19116 Trace metal metabolism in plants.* (2020-2024)

Ruskovska,T., Gjorgieva Ackova,D., Smilkov,K., **Maksimova, V.,** Miloseva L. Science Consortium "MeDiWeB: Mediterranean diet & well-being", Research project – Portugal – Spain – Greece – Bulgaria – R. North Macedonia – Italy – Cyprus (2019-2024) Assessment of the impact of Mediterranean diet and other lifestyle factors on well-being. - UGD Academic Repository

- **Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

Член на Комисија за избор на лаборант со високо образование/лаборант по фармација во лабораторија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (со Одлука бр. 2003-329/1 од 25.12.2024 год.).

Ментор и член на Комисија за јавна одбрана на специјалистичкиот труд на Ѓорѓи Темов, на академската специјализација по фитотерапија и суплементација

(со Одлука бр. 2002-267/48 од 14.11.2025 год. донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки).

Рецензент и претседател на Комисија за јавна одбрана на специјалистичкиот труд на Марија Ѓорѓевска, на стручна специјализација за дипломиран лаборант специјализиран за работа во хемиско-биохемиска лабораторија (со Одлука бр. 2002-34/36 од 23.1.2023 год.).

Рецензент и член на Комисија за јавна одбрана на специјалистичкиот труд на Зебибе Деари на стручна специјализација за дипломиран лаборант специјализиран за работа во санитарно-хемиска лабораторија (со Одлука бр. 2022-243/22 од 30.8.2022 год.).

Рецензент и член на Комисија за јавна одбрана на специјалистичкиот труд на Азра Дрпљанин, на стручна специјализација за дипломиран лаборант специјализиран за работа во хемиско-биохемиска лабораторија (со Одлука бр. 2002-93/13 од 22.3.2022 год.).

Член на Комисија за утврдување на подобност на тема, тезите и оспособеност на кандидат м-р Весна Ставрова за научна работа – трет циклус на студии (Одлука бр. 0206-680/18 од 19.9.2025 год.).

- **Кандидатката има повеќе од определениот минимум на поени (вкупно 100)** кои се однесуваат на целокупната актива на лицето во последните 5 години: (НО)=40; (НИ)=161,8; (САОР)=59 или вкупно 260,8 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Викторија Максимова започнува со ангажман во наставно-образовната дејност уште во 2009 година, кога договорно е ангажирана во практичната настава при Факултетот за медицински науки, како демонстратор-волонтер. Во 2011 година е избрана за помлад асистент за област фармација, при што од 2011 до 2014 година како помлад асистент, д-р Викторија Максимова активно е вклучена во реализација на лабораториска практична настава по предметите: Фармацевтска ботаника, Фармакогнозија, Фитохемија и Фитотерапија на студиската програма Фармација при Факултетот за медицински науки. Од 2014 година е избрана за асистент-докторанд од областа на фармацевтска ботаника и фармакогнозија, при што повторно е вклучена во практичната настава на истите предмети.

Со Одлука бр. 2002-120/7 од 18.4.2017 г. е избрана за доцент за наставно-научните области фармацевтска ботаника и фармакогнозија. Во овој период д-р Викторија Максимова активно учествува во изведувањето на практичната и теоретската настава на повеќе предмети од прв циклус на студиската програма Фармација: Фармацевтска ботаника, Фармакогнозија, Фитохемија, Фитотерапија, Фитофармација и Инструментални фармацевтски анализи.

Како исклучително важен дел од практичната настава, кандидатката д-р Викторија Максимова секоја година ја организира и успешно спроведува задолжителната летна теренска настава од областа на фармацевтска ботаника. Како доцент таа е вклучена и во наставата на втор циклус стручни студии на студиската програма дипломиран стручен лаборант специјализиран за работа во санитарно-хемиска лабораторија на предметот Испитувања на квалитетот на хербални суровини, хербални преработки и додатоци на исхрана.

Од 28.01.2022 год. со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, бр. 2002-40/52, д-р Викторија Максимова е избрана за вонреден професор за наставно-научните области фармацевтска ботаника (30606) и фармакогнозија (30607) при што е вклучена во реализација на теоретската настава по предметите: фармацевтска ботаника, фармакогнозија, фитохемија, фитотерапија и фитофармација на студиската програма по Фармација (интегриран прв и втор циклус на студии).

На студиската програма за медицински лаборанти е ангажирана на предметот природни хербални продукти.

Како вонреден професор активно е вклучена и во реализација на наставата на втор циклус академска специјализација по фитотерапија и суплементација на предметите: Рационална фитотерапија, Фалсификување на хербални производи и контаминенти во хербални производи, Етерични масла и други маслени екстракти во фитотерапија и изборниот предмет Испитувања на квалитетот на хербални суровини, хербални преработки и додатоци на исхрана на специјалистичките стручни студии за дипломиран лаборант специјализиран за работа во санитарно-хемиска лабораторија.

Кандидатката е ангажирана и во реализација на наставата на трет циклус студии на студиската програма Фармацевтски науки и студиската програма Биомедицина. Во рамки на студиската програма Фармацевтски науки, д-р Викторија Максимова е ангажирана е како наставник на предметот Современи техники за екстракција и изолација на биоактивни компоненти од растително потекло, а заедно со проф. д-р Рубин Гулабоски е дополнително ангажирана на предметите: Примена на волтаметрија во фармацевтски анализи, Електрохемиски методи во определување на фармакокинетички и фармакодинамички параметри на лекови, Електрохемиски анализи во проучување на секундарни растителни метаболити.

Како резултат на наставната активност, ментор е на 17 дипломски трудови на студиската програма Фармација и претседател/член на комисија за одбрана на 60-тина дипломски трудови од студиската програма Фармација или Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки. Кандидатката досега била во комисија за одбрана на 3 специјалистички труда од втор циклус и член во комисија за јавна одбрана на академски специјалистички труд на втор циклус студии по фитотерапија и суплементација. На трет циклус студии била во комисија за оценка на подобност на тема на еден наслов на докторска дисертација од насоката Фармација. Тековно е ментор на тројца докторанди од насоката Фармација.

Врз основа на богатата научноистражувачка активност д-р Викторија Максимова има добиено две признанија за научен придонес на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за 2022 и 2023 година и две награди за објавен труд со фактор на влијание за 2025 год. на конкурсот од Министерство за образование и науки.

Од евалуација на севкупната научноистражувачка активност за д-р Викторија Максимова може да се увиди дека кандидатката има h-индекс=16, а публикациите во кои таа е автор/коавтор се цитирани вкупно 1356 пати (со автоцитати), при што во последните пет години има 1042 цитати според Google Scholar базата на податоци.

Сите објавени научни трудови на кандидатката се достапни во електронска форма на е-Репозиториум на следниот линк: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Maksimova=3AViktorija=3A=3A.html

По изборот во вонреден професор, во период од февруари 2022 до јуни 2026 година, д-р Викторија Максимова ги објавила следните научноистражувачки трудови:

***I. Објавени трудови во меѓународни списанија и меѓународни научни публикации и објавен наставен материјал во последните пет години***

**1. Објавени трудови во научни списанија со фактор на влијание** (од февруари 2022 до јуни 2026 година)

1. Rojo, Ana I., Buttari, B., Cadenas, S., Carlos, A.R., Cuadrado, A., Falcao, A. S., Lopez, M.,G., Georgiev, M. I., Grochot-Przeczek, A., Gumeni, S., Jimenez-Villegas, J., Horbanczuk, J.O., Konu, O., Lastres-Becker, I., Levonen, A-L., **Maksimova, V.,** Michaeloudes, C., Mihaylova, L. V., Mickael, M. E., Milisav, I., Miova, B., Rada, P., Santos, M., Seabra, M. C., Svob Strac, D., Tenreiro, S., Trougakos, I.P., Dinkova-Kostova, A. T. (2025) *Model organisms for investigating the functional involvement of NRF2 in non-communicable diseases. Redox Biology,* 79. **I.F=16.2,** https://eprints.ugd.edu.mk/35410/

Овој труд претставува висококвалитетен и сеопфатен преглед на современите сознанија за улогата на транскрипцискиот фактор NRF2 во патогенезата на незаразните хронични заболувања, со посебен акцент на примената на различни модел-организми за проучување на неговата биолошка функција и терапевтски потенцијал. Научните квалитети на трудот се согледуваат во критичката анализа на широк спектар експериментални животински модели, интеграцијата на најновите сознанија од областа на редокс биологијата и јасното идентификување на идните истражувачки предизвици. Во него систематски се анализираат најчесто користените модел-организми, вклучувајќи клеточни системи, без’рбетници и ‘рбетници, кај кои активноста на NRF2 е генетски или фармаколошки модулирана со цел да се испита неговото влијание врз оксидативниот стрес, воспалението, нарушувањата во метаболизмот и митохондријалната функција.

Во трудот се дискутираат предностите и ограничувањата на секој експериментален анимален модел, нивната валидност при репродуцирање на патофизиолошките процеси кај човекот, како и нивната примена во развојот и претклиничката евалуација на нови терапевтски стратегии насочени кон NRF2 сигналниот пат. Посебно внимание е посветено на улогата на природните и синтетските модулатори на NRF2, кои претставуваат потенцијални кандидати за превенција и третман на хроничните незаразни заболувања. Со тоа, претставува значајна референтна публикација за истражувачите кои работат на развој на нови терапевтски пристапи базирани на модулација на NRF2, вклучително и преку примена на природни биоактивни соединенија.

Дополнително значаен аспект на трудот е неговата релевантност во истражувањето на хербалните биоактивни компоненти, бидејќи голем број од нив како што се полифенолите, изотиоцијанатите, терпеноидите и други фитохемикалии се препознаени како природни модулатори на NRF2-сигналната патека. Прегледот обезбедува цврста научна основа за понатамошен развој и евалуација на природни соединенија како потенцијални превентивни и терапевтски агенси против незаразните хронични заболувања. Со својата научна длабочина, интердисциплинарен пристап и висока актуелност, ракописот претставува значаен придонес во областа на редокс биологијата, фармакологијата, фармакогнозијата и биомедицинските истражувања.

2. Stavrova, V., Simonoska-Crcarevska, M., Naumovska, Z., Bozhinovska, B., Andonoska, J., Stavric, K., **Maksimova, V.,** Meštrović, A., Rouse John,

M. (2025) *What a SMART pharmacist can discover in only one day: A public health initiative focused on diabetes in North Macedonia.* Healthcare, 13 (17). **I.F= 3.4** https://eprints.ugd.edu.mk/37417/

Оваа студија претставува значаен придонес во областа на јавното здравје и фармацевтската практика, прикажувајќи ја улогата на фармацевтите во раното откривање и превенцијата на дијабетес преку иновативна јавно-здравствена иницијатива спроведена во Северна Македонија. Трудот поседува високи научни квалитети поради неговата практична применливост, јасно дефинирана методологија и анализата на реални податоци добиени во рамките на организирана скрининг-активност, што обезбедува релевантни сознанија за можностите за унапредување на примарната здравствена заштита.

Особено значајна е демонстрацијата на потенцијалот на концептот „SMART фармацевт“ во раната идентификација на лица со зголемен ризик од дијабетес и во подигнувањето на јавната свест за важноста на превенцијата и навремената интервенција. Трудот истовремено ја истакнува улогата на фармацевтите како лесно достапни здравствени професионалци кои можат значително да придонесат во спроведувањето на јавно-здравствени програми и намалувањето на товарот од хроничните болести.

3. Drakalska, E.  Arev, M., Apostolova, P., Karpicarov, D., **Maksimova, V.,** Miceva, D., Cvetkovski, A., Samardziska, M. (2024) *Preparation and characterization of amphiphilic cream formulations with meloxicam.* Pharmacia 71 (1–7). **I.F=1.5** https://eprints.ugd.edu.mk/35071/

Трудот е посветен на развојот и физичко-хемиската карактеризација на амфифилни крем-формулации кои содржат мелоксикам, нестероиден антиинфламаторен лек инидициран за третман на болка. Во истражувањето се анализирани влијанијата на различни помошни супстанции и составот на формулациите врз нивните фармацевтско-технолошки својства, со цел да се добијат стабилни и ефикасни дермални препарати со подобрени карактеристики за локална примена. Конкретно, целта на истражувањето е да се испита капацитетот на амфифилната подлога, составена од глицерол моностеарат, цетил алкохол, Tagat® S2, Myritol® 318, пропилен гликол и вазелин, за инкорпорирање на мелоксикам, претходно растворен во пропиленгликол. За подобрување на растворливоста на мелоксикам, во растворот на активната супстанција со пропилен гликол е додаден ментол како рубефациенс. Изработени се три серии формулации со различни концентрации на ментол, кои потоа се евалуирани во однос на содржината, pH, размазливоста, вискозитетот, стабилноста, микробиолошкиот квалитет и профилот на ослободување на активната супстанција. Добиените резултати потврдиле дека формулациите се стабилни, имаат добра размазливост и поседуваат соодветни карактеристики за топикална примена.

Со тоа овој труд придонесува кон подобро разбирање на факторите што влијаат врз квалитетот, стабилноста и перформансите на формулацијата за локална примена и обезбедува научна основа за развој на поефикасни дермални системи за испорака на лекови.

4. Deligiannidou, G-E.,  Philippou, E.,  Vasiari, E., Andrade, V., Massaro, M., Chervenkov, M., Ivanova, T., Jorge, R., Dimitrova, D., Ruskovska, T., Miloseva, L., **Maksimova, V**., Smilkov, K., Gjorgieva Ackova, D., Garcia Conesa, M-T., Pinto, P., Kontogiorgis, C. A. (2024) *Exploring the relationship between Mediterranean diet*

*adherence and subjective well-being among Greek and Cypriot adults.* Nutrients, 16 (8). p. 1238. **I.F=5.8** https://eprints.ugd.edu.mk/34483/

Преку оваа студија е претставена поврзаноста помеѓу придржувањето кон медитеранскиот начин на исхрана и субјективната благосостојба кај испитаници од возрасна популација во Грција и Кипар, користејќи епидемиолошки и нутриционистички пристап за проценка на влијанието на прехранбените навики врз здравјето и квалитетот на животот. Анализата опфаќа проценка на степенот на придржување кон медитеранската исхрана и неговата асоцијација со различни показатели на физичка и психолошка благосостојба.

Научното значење на трудот се согледува во обезбедувањето на нови сознанија за улогата на здравите прехранбени модели во промоцијата на јавното здравје и превенцијата на хроничните заболувања. Истражувањето ја нагласува важноста на медитеранската исхрана како модел на исхрана поврзан со подобра општа здравствена состојба, подобра психолошка благосостојба и повисок квалитет на живот. Резултатите имаат значајна примена во креирањето на нутриционистички препораки и стратегии за унапредување на здравите животни навики. Освен тоа овој труд придонесува и во проучувањето на влијанието на хербалните биоактивни компоненти, бидејќи медитеранската исхрана се темели на редовна консумација на растителни намирници богати со биолошки активни соединенија, како што се полифеноли, флавоноиди, каротеноиди, терпеноиди и други фитохемикалии присутни во маслиновото масло, овошјето, зеленчукот, мешунките, интегралните житарки и ароматичните растенија. Овие природни биоактивни компоненти поседуваат изразени антиоксидативни и антиинфламаторни својства и придонесуваат за намалување на оксидативниот стрес, подобрување на метаболичката рамнотежа и одржување на целокупното здравје. Поради тоа, трудот претставува значаен научен придонес во областа на нутриционизмот, превентивната медицина и истражувањето на природните биоактивни соединенија како фактори за промоција на здравјето и благосостојбата.

5. Gjorgieva Ackova, D., **Maksimova, V.,** Smilkov, K., Buttari, B., Arese, M., Saso, L. (2023) *Alkaloids as natural NRF2 inhibitors: chemoprevention and cytotoxic action in cancer.* Pharmaceuticals, 16. p. 850. **I.F=4.3** https://eprints.ugd.edu.mk/32054/

Овој прегледен труд дава сеопфатна анализа на алкалоидите како природни инхибитори на NRF2 сигналната патека и нивната потенцијална примена во превенцијата и третманот на малигните заболувања. Во трудот се обработени најновите сознанија за молекуларните механизми преку кои различни природни алкалоиди ја модулираат активноста на NRF2, со посебен акцент на нивното влијание врз растот, преживувањето и чувствителноста на туморските клетки кон антитуморската терапија. Дополнително, се дискутира двојната улога на NRF2 во канцерогенезата, односно неговото заштитно дејство во нормалните клетки и неговата прекумерна активација кај одредени типови карциноми, каде што може да придонесе за развој на резистентност кон терапијата.

Научната оправданост на овој преглед произлегува од потребата за систематизирање на современите научни сознанија за природните инхибитори на NRF2 и нивниот потенцијал како нова стратегија во онколошката терапија.

Иако NRF2 најчесто се смета за цитопротективен фактор, сè поголем број истражувања покажуваат дека неговата прекумерна активација кај малигните клетки претставува значаен механизам за туморска прогресија и отпорност кон лекување. Поради тоа, критичката анализа на природните алкалоиди како селективни модулатори на овој сигнален пат има големо научно и клиничко значење.

Овој ревијален преглед ги интегрира најновите експериментални и претклинички сознанија за биолошката активност на природните алкалоиди, нивните молекуларни таргети и можностите за нивна примена во развојот на нови антитуморски терапии. Трудот истовремено ја истакнува важноста на природните биоактивни компоненти како извор на нови фармаколошки активни соединенија и дава насоки за идни истражувања насочени кон развој на побезбедни и поефикасни терапевтски пристапи.

6. Andrade, V., Quarta, S., Tagarro, M., Miloseva, L.,Massaro, M., Chervenkov, M., Ivanova, T., Jorge, R., **Maksimova, V.,** Smilkov, K., Gjorgieva Ackova, D., Ruskovska, T., Philippou, E., Deligiannidou, G-E., Kontogiorgis, C.A., Garcia Conesa, M-T., Pinto, P. (2022) *Exploring hedonic and eudaimonic items of well-being in Mediterranean and non-Mediterranean countries: influence of sociodemographic and lifestyle factors.* International Journal of Environmental Research and Public Health, 19 (3). p. 1715. **I.F=3.7** https://eprints.ugd.edu.mk/29720/

Оваа студија претставува меѓународно компаративно истражување кое се темели на соработка во рамките на меѓународен научен конзорциум, во кој кандидатката е член на истражувачкиот тим составен од седум земји: Грција, Португалија, Италија, Шпанија, Кипар, Република Северна Македонија и Бугарија, насочено кон анализирање на благосостојбата кај популации од медитерански и немедитерански земји, со посебен акцент на влијанието на социодемографските карактеристики и животниот стил. Истражувањето ги анализира факторите како што се начинот на исхрана, физичката активност, образованието, возраста и другите животни навики, со цел да се утврди нивната поврзаност со различните димензии на субјективната благосостојба и квалитетот на животот. Резултатите обезбедуваат нови сознанија за влијанието на здравите животни навики, особено медитеранскиот начин на исхрана, врз психофизичката благосостојба и здравјето на населението. Истражувањето има значајна практична вредност бидејќи обезбедува научно засновани докази кои можат да се искористат при креирање стратегии за промоција на здрави животни стилови и превенција на хроничните заболувања.

Трудот е со висок научен квалитет, што се потврдува преку неговата методолошка заснованост, мултицентричниот карактер и соработката помеѓу истражувачки групи од повеќе европски земји. Објавувањето во реномирано меѓународно списание со импакт-фактор дополнително ја потврдува неговата научна релевантност и придонес во областа на јавното здравје, нутриционизмот и истражувањето на факторите што ја определуваат благосостојбата и квалитетот на животот.

2. **Објавени трудови во референтни научни публикации - меѓународни научни списанија (февруари 2022 – јуни 2026)**

1. Kuzmanoska M., Risteska T., **Maksimova V**. (2026) *Comparative analysis of bioactive component content in two varieties of Humulus lupulus* L. *Journal of*

*agriculture and plant sciences*, 24, 1. (*in press*) On line: ISSN 2545-4455 https://eprints.ugd.edu.mk/38636/

Овој труд содржи оригинални научни резултати и претставува научен придонес во областа на фитохемијата, анализата на лековити растенија и квалитативната евалуација на растителни суровини. Во трудот е извршена компаративна анализа на содржината на биоактивни компоненти кај две сорти хмељ (*Humulus lupulus* L.) со примена на стандардизирани UV/Vis спектрофотометриски и гравиметриски методи. Анализирани се α-горчливите киселини како и вкупните, меките и тврдите смоли, при што се утврдени значајни разлики во нивната содржина помеѓу испитуваните сорти.

Обезбедувањето на релевантни податоци за сортната варијабилност на биоактивните компоненти, придонесува кон подобро разбирање на влијанието на генотипот врз хемискиот состав и потенцијалната биолошка активност на хмељот. Истражувањето ги потврдува можностите за користење на едноставни, репродуктивни и економични аналитички методи за проценка на квалитетот на растителните суровини, со што обезбедува основа за нивна стандардизација и понатамошни фитохемиски истражувања.

Апликативната вредност на трудот е значајна, бидејќи резултатите можат да се применат при избор на сорти хмељ за различни индустриски намени, особено во пиварската, фармацевтската индустрија. Добиените сознанија претставуваат научна основа за развој на стандардизирани растителни екстракти, контрола на квалитетот на суровините и селекција на сорти со повисока содржина на биолошки активни соединенија. Истовремено, трудот отвора можности за понатамошни истражувања насочени кон детална карактеризација на фитохемискиот профил и испитување на биолошката активност на поединечните компоненти на хмељот.

2. Aleksandrov, M., **Maksimova, V., Smilkov, K.** (2026) *Microencapsulation techniques for cannabinoids: pharmaceutical approaches, technological challenges, and formulation perspectives*. *Archives of pharmacy,* 76 (1). ISSN 2217-8767 https://eprints.ugd.edu.mk/38491/

Студијата претставува современ прегледен труд кој ги анализира најновите достигнувања во областа на микроинкапсулацијата на канабиноидите како напредна стратегија за развој на фармацевтски дозирани форми. Преку систематски преглед на релевантната научна литература, авторите ги обработуваат најчесто применуваните техники за микроинкапсулација, како што се spray-drying, freeze-drying, coacervation, emulsification, liposomal entrapment, extrusion, spray-cooling и fluidized-bed coating, при што ги споредуваат нивните технолошки карактеристики, ефикасноста на инкапсулација, можностите за контролирано ослободување и потенцијалот за индустриска примена. Научното значење на трудот се состои во систематизацијата и критичката анализа на современите пристапи за микроинкапсулација на канабиноидите, при што се интегрираат сознанија од фармацевтската технологија, биофармацијата и науката за материјали. Трудот обезбедува сеопфатен преглед на факторите кои влијаат врз изборот на методот за микроинкапсулација, материјалите за обвивка и перформансите на добиените системи, со што претставува значајна научна основа за понатамошен развој на иновативни фармацевтски формулации. Истовремено, ги идентификува технолошките предизвици и идните истражувачки насоки во областа на контролираното и таргетираното ослободување на канабиноидите.

3. Cvetanov A., Bogevski K., **Maksimova V.,** Janevik-Ivanovska E. (2026) *Post-harvest drying of Cannabis sativa L. flowers and its impact on the preservation and extraction of bioactive phytochemicals. Journal of agriculture and plant sciences*, 24, 1. (*in press*) On line: ISSN 2545-4455 https://eprints.ugd.edu.mk/38635/

Во оваа прегледна научна студија авторите ја анализираат улогата на процесот на сушење на цветовите од *Cannabis sativa* L. како една од најважните технолошки операции што директно влијае врз квалитетот, стабилноста и понатамошната употребливост на растителниот материјал. Посебен акцент е ставен на влијанието на различните режими на сушење врз зачувувањето на биолошки активните соединенија, пред сè канабиноидите, терпените и флавоноидите, како и врз ефикасноста на нивната последователна екстракција. Студијата ги разгледува механизмите на миграција на влагата, кинетиката на сушење, влијанието на температурата, релативната влажност, брзината на воздухот и времетраењето на процесот, како и современите пристапи за неинвазивно следење на процесот на сушење. Научното значење на трудот произлегува од неговиот интегративен пристап, преку кој се синтетизираат најновите сознанија за оптимизација на постжетвената обработка на медицинскиот канабис. Авторите укажуваат дека правилниот избор на технологија и контролата на параметрите на сушење се клучни за минимизирање на загубите на терпените, спречување на деградацијата на канабиноидите, зачувување на интегритетот на трихомите и обезбедување микробиолошка стабилност на суровината. Трудот претставува значаен придонес во областа на преработката на лековити растенија, бидејќи обезбедува систематизиран преглед на современите методи на сушење и нивното влијание врз квалитетот на растителната суровина.

4. Aleksandrov, M.,Gelevska, O., Stojova, C., Ivanov, I., Ananieva Bozinov, L., **Maksimova, V** (2023) *Cannabidiol based borderline products – from development to registration processes.* Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 69 (1). https://eprints.ugd.edu.mk/32890/

Авторите на трудот даваат краток преглед на целокупниот процес на развој, производство и регистрација на производи базирани на канабидиол (CBD) класифицирани како *borderline* производи, со посебен осврт на регулаторната рамка во Република Северна Македонија. Во трудот се сумирани технолошките фази на подготовка на CBD маслени раствори со различни концентрации, изборот на соодветни носачи (MCT масло и масло од семе од коноп), контролата на квалитетот со валидирани HPLC методи, како и физичко-хемиските и микробиолошките испитувања неопходни за обезбедување квалитет и безбедност на готовите производи. Дополнително, детално е разработена постапката за нивна регистрација како borderline производи, вклучувајќи ја потребната документација и усогласеноста со националната законска регулатива. Трудот има значајна практична и научна вредност бидејќи претставува пример за успешна интеграција на фармацевтскиот развој, аналитичката контрола на квалитет и регулаторните барања при пласирање на CBD производи на пазарот. Истовремено, трудот обезбедува корисни насоки за производителите и регулаторните тела во областа на развојот и регистрацијата на производи базирани на канабидиол и претставува значаен придонес во применетата фармацевтска технологија и регулаторните процеси.

5. Milev, M., Angeleska, M., Georgieva, M., **Maksimova, V.,** Janeva, M., Miloshev, G., Ruskovska, T.(2022) *Vitamins E and C exert protective roles in hydrogen peroxide-induced DNA damage in human peripheral blood mononuclear cells.* Genetika, 54 (3). pp. 1023-1034. ISSN 0534-012 https://eprints.ugd.edu.mk/31048/

Во овој оригинален научен труд е испитано заштитното дејство на витамините Е и Ц против оксидативно предизвикано оштетување на ДНК во хумани периферни мононуклеарни крвни клетки (PBMC). Како модел за индукција на оксидативниот стрес е користен водород пероксид ($H_2O_2$), при што преку соодветни лабораториски методи е проценето нивото на оштетување на ДНК и ефектот од претходниот третман со антиоксидантните витамини. Добиените резултати покажуваат дека и двата витамини значително го намалуваат степенот на оштетување на ДНК, потврдувајќи ја нивната улога во заштитата на клетките од оксидативен стрес и генотоксични оштетувања. Значењето на трудот произлегува од неговиот придонес кон подобро разбирање на механизмите преку кои природните антиоксиданти ја одржуваат геномската стабилност и го намалуваат штетното дејство на реактивните кислородни видови. Резултатите имаат значење за областа на молекуларната биологија, генетиката и биомедицинските науки, бидејќи укажуваат на потенцијалната примена на витамините Е и Ц во превенцијата на заболувања поврзани со оксидативен стрес, како што се хроничните воспалителни, дегенеративните и малигните заболувања. Трудот претставува значаен придонес во истражувањата на антиоксидантната заштита и обезбедува научна основа за понатамошни експериментални и клинички испитувања на улогата на антиоксидантите во зачувувањето на клеточниот интегритет и здравјето.

6. Gjorgieva Ackova, D., **Maksimova, V.,** Smilkov, K. (2022) *Plant bioactive compounds affecting biomarkers and final outcome of COVID-19.* Archives of pharmacy, 72 (2). pp. 212-230. ISSN 2217-8767 https://eprints.ugd.edu.mk/29754/

Оваа прегледна научна студија ги анализира достапните научни сознанија за улогата на биоактивните соединенија од растително потекло во модулацијата на биомаркерите поврзани со COVID-19 и нивното потенцијално влијание врз текот и исходот на болеста. Посебно внимание е посветено на различните групи биоактивни соединенија, како што се флавоноидите, терпеноидите, алкалоидите и другите природни соединенија, кои поседуваат антиоксидативни, антиинфламаторни, имуномодулаторни и потенцијални антивирусни својства. Во трудот се разгледуваат механизмите преку кои овие соединенија можат да влијаат врз оксидативниот стрес, воспалителниот одговор, цитокинската дисрегулација и други биолошки процеси поврзани со патогенезата на COVID-19, како и нивното влијание врз клиничките и лабораториските биомаркери што ја одразуваат тежината на заболувањето.

Научно-апликативното значење на трудот се состои во систематизацијата на современите сознанија за потенцијалната примена на природните биоактивни соединенија како дополнителна поддршка во превенцијата и третманот на COVID-19. Трудот обезбедува критички преглед на резултатите од експериментални и клинички истражувања, при што ги истакнува најперспективните природни соединенија и нивните механизми на дејство, но истовремено укажува и на потребата од дополнителни добро дизајнирани клинички студии за потврдување на нивната ефикасност и безбедност. Оваа

публикација е од особено значење во бидејќи ги поврзува фундаменталните знаења за биолошката активност на растителните соединенија со нивната потенцијална клиничка примена, нудејќи научна основа за развој на нови комплементарни терапевтски пристапи наменети за поддршка на здравјето при вирусни инфекции.

7. **Maksimova, V.,** Drakalska, E., Vasileva, M. (2022) *Potential use of Sambucus nigra ointments for skin treatment in ethnomedicine in Republic of North Macedonia.* Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (1). pp. 237-238. ISSN 1857 – 8969 https://eprints.ugd.edu.mk/30821/

Во овој краток научен труд авторите ја разгледуваат традиционалната примена на *Sambucus nigra* L. (црн бозел) во етномедицината на Република Северна Македонија, со посебен акцент на употребата на масти и други полуцврсти препарати за надворешен третман на кожни повреди, рани, изгореници и лузни. Преку анализа на етноботанички податоци и современа научна литература, се прикажани биолошки активните соединенија присутни во цветовите и другите делови на растението, како и нивните емолиентни, антиоксидативни, антиинфламаторни и потенцијални регенеративни својства. Дополнително, се опишани традиционалните начини на подготовка и екстракција на мастите од бозел и нивната оправданост од аспект на современите фармаколошки сознанија. Научно-апликативното значење на трудот се состои во поврзувањето на традиционалното употреба со современите научни докази за терапевтскиот потенцијал на *Sambucus nigra*. Трудот укажува на можностите за валоризација на традиционалните препарати и нивна понатамошна фармацевтска разработка како природни дерматолошки производи со потенцијална примена во третманот на кожни оштетувања. Воедно, публикацијата придонесува кон зачувување и научна афирмација на етномедицинското наследство во Северна Македонија, истакнувајќи ја потребата од понатамошни фитохемиски, фармаколошки и клинички истражувања за потврдување на ефикасноста и безбедноста на овие традиционални препарати. На тој начин, трудот претставува значаен придонес во областа на фармакогнозијата, етнофармакологијата и развојот на хербални производи.

**3. Објавени трудови во стручни и професионални списанија (во последните пет години)**

1. Bogevski, K., **Maksimova, V.** (2025) *Индивидуализирана фитотерапија и модерни аспекти на улогата на фармацевтот во издавање на хербални лекови во аптека.* Farmacevtski informator (64). pp. 44-46. ISSN 1409-8784 https://eprints.ugd.edu.mk/35665/
2. Zdraveski, V., **Maksimova, V.** (2021) *Медицински растенија во превенција и третман на вирусни респираторни болести и механизам на дејство на хербалните компоненти како одбрана од КОВИД-19.* Фармацевтски информатор (59). pp. 56-60. ISSN 1409-8784 https://eprints.ugd.edu.mk/29048/

**4. Објавени трудови од научни и стручни собири печатени во зборници на трудови и книги на апстракти од научни собири (пленарни предавања, постер презентации/ усни презентации) (февруари 2022 – јуни 2026)**

1. **Maksimova, V**., Aleksandrov, M., & Drakalska, E. (2026). *Enhancing therapeutic efficacy of cannabidiol through the development of advanced delivery systems*. International Conference Cannabis and Science XI, Brno, Czech Republic. (пленарно предавање - поканет предавач).

2. Temov, G., Bogevski, K., Joveva, P., & **Maksimova, V**. (2025). *Quantitative analysis of anthocyanins in natural fruit juices and evidence-based rationale for their inclusion as bioactive agents in individuals with increased physical activity.* 5th International Online Conference on Nutrients, Session-Sustainable Diets in Sport: Balancing Performance and Health. (постер презентација)

3. Aleksandrov, M., Alves, A., **Maksimova, V**., & Costa, P. (2025). *Formulation and physicochemical characterization of nanostructured lipid carriers (NLCs) loaded with ibuprofen*. IX Congress of Pharmacy with International Participation: PharmaceuticAI Science Revolution, Borovets, Bulgaria. (постер презентација)

4. Vangelovska, M., Smilkova, V., Smilkova, A., & **Maksimova, V**. (2025). *Испитување на ефектите на адаптогените хербални препарати во подобрување на когнитивните функции кај студентската популација*. Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, Štip, North Macedonia (постер презентација).

5. Bogevski, K., & **Maksimova, V.** (2025). *Развој на одржлива ензимски потпомогната технологија за екстракција на катехини од Camellia sinensis L*. Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, Štip, North Macedonia (постер презентација).

6. Pendovska, M., Aleksandrov, M., Krstevska Balkanov, S., Labacevska Popova, M., Naumovska, Z., & **Maksimova, V**. (2025). Евалуација на влијанието на фитопрепарати базирани на жолт кантарион (Hypericum perforatum) врз метаболизмот на иматиниб. Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, Štip, North Macedonia (постер презентација).

7. Jovanova, E., Koceva, S., Stavrova, V., Gjorgjievska Kamceva, M., & **Maksimova, V.** (2025). *Топикална примена на Tincturae capsici во третманот на Alopecia areata: Приказ на студија на случај*. Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“*, Štip, North Macedonia (постер презентација).

8. Bogevski, K., & **Maksimova, V**. (2025). A recent review of the impact of lavender essential oil on male and female sex hormones. 55th International Symposium on Essential Oils (ISEO), Sarajevo, Bosnia and Herzegovina (постер презентација).

9. Aleksandrov, M., **Maksimova, V**., & Janevik-Ivanovska, E. (2025). Technological approach for the development and optimization of decarboxylation processes in dried flower and ethanolic extracts of cannabis for medical purposes. 5th European Conference on Pharmaceutics, Porto, Portugal (постер презентација).

10. Aleksandrov, M., **Maksimova, V**., & Drakalska, E. (2025). Formulation aspects and potential therapeutic applications of cannabidiol-loaded nano-formulations. 5th European Conference on Pharmaceutics, Porto, Portugal (постер презентација).

11. Aleksandrov, M., Apostolova, P., Ristova Delipetrev, M., Drakalska, E., Janevik-Ivanovska, E., Mirakovski, D., & **Maksimova, V**. (2025). *Улогата на криопротектантот во морфолошката структура на лиофилизирани микрочестички со канабидиол*. Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија", Štip, North Macedonia (постер презентација).

12. Pendovska, M., Stavridis Panovska, I., Krstevska Balkanov, S., Stojanoski, Z., Kuzmanovic, M., Krstic Nakovska, O., Spasovska, O., Lazarova, B., & **Maksimova, V.** (2024). *Enhancing patient care: Implementing a pharmaceutical support circuit in hemato-oncology*. 6th European Conference of Oncology Pharmacy, Lisbon, Portugal (постер презентација).

13. **Maksimova, V**., & Amos, M. (2024). *Potential of natural triterpenoid structures as a framework for design and development of perspective synthetic NRF2-modulating therapeutic agents*. 8th BenBedPhar Scientific Meeting: Thirty Years Since the Discovery of NRF2, Lisbon, Portugal (постер презентација).

14. Kuzmanoska, M., Bogevski, K., & **Maksimova, V**. (2024). *Investigating the methods for obtaining extracts from two types of herbal substances from elderberry, Sambucus nigra L.* 27th Congress of SCTM, Ohrid, North Macedonia (постер презентација).

15. Aleksandrov, M., Jordanoska Shishkoska, B., & **Maksimova, V.** (2024). *The importance of trace elements follow-up in Cannabis sativa L. varieties.* PlantMetals Annual Meeting: Trace Metal Metabolism in Plants, Ljubljana, Slovenia (постер презентација).

16. Stavrova, V., Lazarova, B., & **Maksimova, V**. (2024). *Pharmacovigilance of herbal products in North Macedonia*. Paper presented at the 7th Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Dubrovnik, Croatia (постер презентација).

17. Pendovska, M., Panovska, I., Krstevska Balkanov, S., Ridova, N., Atanasova Nadzinska, M., & **Maksimova, V**. (2024). *Polatuzumab vedotin, manageable safety profile, and pharmacist involvement*. 7th Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Dubrovnik, Croatia (постер презентација).

18. Aleksandrov, M., & **Maksimova, V.** (2024). *Application of voltammetric methods in electrochemical analyses of cannabinoids.* 27th Congress of SCTM, Ohrid, North Macedonia (постер презентација).

19. Aleksandrov, M., **Maksimova, V**., Brchina, I., Filipova, D., Gjorgieva Ackova, D., & Smilkov, K. (2024). *A comprehensive overview of cannabis nutrient compounds: Alternatives and challenges*. Congress on Food Quality and Safety, Health and Nutrition – NUTRICON 2024, Ohrid, North Macedonia (постер презентација).

20. Pendovska, M., Panovska, I., Krstevska Balkanov, S., Aleksandrov, M., & **Maksimova, V.** (2023). *Cyclic voltammetry as a sensitive approach in investigation of doxorubicin*. V Congress of Pharmacists of Bosnia and Herzegovina with International Participation: Competencies of Pharmacists—From Drug Design to Successful Disease Treatment, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina (постер презентација).

21. Pendovska, M., Panovska Stavridis, I., Krstevska Balkanov, S., Popova Labacevska, M., Stojanoski, Z., Nadziska, M., Aleksandrov, M., Lazarova, B., & **Maksimova, V.** (2023). *Determination of non-adherence in patients receiving eltrombopag*. 3rd Scientific Symposium SFUS with International Participation, Niš, Serbia (постер презентација).

22. **Maksimova, V**. (2023). *Влијание на хербалните препарати врз резултатите од лабораториските анализи.* 50-ти Октомвриски средби на медицински лаборанти и санитарни техничари со меѓународно учество, Ohrid, North Macedonia (пленарно предавање – поканет предавач).

23. Aleksandrov, M., Ristovski, B., & **Maksimova, V**. (2023). *Development of a technological method for microbiological decontamination of dry cannabis flowers.* 3rd Scientific Symposium SFUS, Niš, Serbia (постер презентација).

24. Lazarova, S., Kokoskarova, P., & **Maksimova, V**. (2023). *Хепатопротективна активност на растителни дроги.* Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици“, Štip, North Macedonia (постер презентација).

25. Pendovska, M., Panovska Stavridis, I., Krstevska Balkanov, S., Ridova, N., Popova, M., Stojanoski, Z., Simonova, V., Aleksandrov, M., & **Maksimova, V**. (2023). *Безбедност на пациентите во клиничка пракса – програма за контролиран пристап до лекот леналидомид.* Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици“, Štip, North Macedonia (постер презентација).

26. Aleksandrov, M., Gelevska, O., Stojova, C., Ivanov, I., Falin, S., Jovcev, S., Pendovska, M., & **Maksimova, V.** (2023). *Технолошки пристап во производството на стандардизиран екстракт од канабис базиран на канабинол (CBN) за медицински цели.* Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици“, Štip, North Macedonia (постер презентација).

27. Bogevski, K., & **Maksimova, V**. (2023). *Можности за користење на антибактериските карактеристики на етеричните масла како дополнителен третман при инфекции со високорезистентни патогени микроорганизми.* Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици“, Štip, North Macedonia (постер презентација).

28. Pendovska, M., Panovska, I., Krstevska Balkanov, S., Popova, M., Stojanoski, Z., Krstic Nakovska, O., Nadziska, M., Aleksandrov, M., & **Maksimova, V**. (2023). *Clinically significant drug interactions of eltrombopag: A retrospective study from the clinical pharmacist perspective.* Third International Congress of the Macedonian Hematology Association with International Participation, Skopje, North Macedonia (постер презентација).

29. **Maksimova, V**. (2023). *Piperine as a natural-derived NRF2 stimulator in prevention or therapy of ROS-induced diseases.* BenBedPhar Training School 2023: NRF2 in Noncommunicable Diseases—From Bench to Bedside, Smolenice, Slovakia (постер презентација).

30. **Maksimova, V.** (2023). *Voltammetric analysis of the antioxidative potential of medicinal plants traditionally used in North Macedonia.* Current Research Topics in Pharmacy: Traditional Medicine Talks, online symposium organized by the Editorial Board of the Journal of Research in Pharmacy (пленарно предавање – поканет предавач).

31. Kostadinovic Velickovska, S., **Maksimova, V**., Mitrev, S., & Arsov, E. (2022). *Oxidomics: A new approach to study the lipid oxidation and qualitative properties of cold-pressed vegetable oils.* 11th Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries (CMAPSEEC), Ohrid, North Macedonia.

32. Gjorgieva Ackova, D., Smilkov, K., & **Maksimova, V**. (2022). *RAPD-PCR based evaluation of genotoxic influence of metal stressors in plant model systems.* Trace Metal Metabolism in Plants (COST Action 19116), Ankara, Türkiye.

Врз основа на прикажаната евалуација и презентираните показатели на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност може да се констатира дека кандидатката д-р Викторија Максимова покажува континуирани и значајни резултати во овие области.

**II. Студиски престои во странство (февруари 2022 – јуни 2026)**

1. Еразмус + мобилност за наставници од 21-25 јули 2025 на Фармацевтски факултет при Медицински Универзитет во Гданск, Полска.
2. Учество на тренинг школа: BenBedPhar Training School 2023: NRF2 in Noncommunicable Diseases—From Bench to Bedside, 26-30 јуни 2023, Смоленице, Братислава, Словачка.

**III. Други активности од научноистражувачка дејност кои се бодуваат според Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (ознака ОНУ.ПРВ.01) (февруари 2022 – јуни 2026)**

**Добиени награди, грантови и признанија**

1. Признание за научен придонес на Универзитетот „Гоце Делчев" во 2022 год., доделено од УГД, 10.11.2023 год., Штип
2. Признание за научен придонес на Универзитетот „Гоце Делчев" во 2023 год., доделено од УГД, 11.11.2024 год., Штип
3. Награда за научен труд во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите Web of Science или Scopus во 2025 година (еднократен финансиски надоместок) од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија (два публикувани труда цитирани погоре под точка I.1.1 и I.1.2)

**Учесник во научноистражувачки проекти**

Кандидатката е учесник во 4 научноистражувачки проекти и еден конзорциум, кои се реферирани претходно во овој Реферат, во делот со посебните услови за избор во редовен професор.

**Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)**

- Член на Уредувачки одбор за секција Фармакогнозија во списанието Journal of Research in Pharmacy, Marmara University, Istanbul, Turkiye (ESCI, Web of science и Scopus).

**Уредник на зборник на трудови од научен собир:**

- Уредник на Книга на апстракти од Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија" 2025, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Северна Македонија ISBN 978-608-277-119-9.

- Уредник на Книга на апстракти од Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици“, 2023, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија ISBN 978-608-244-993-7.

**Член на организациски или научен одбор на научен собир:**

- Член на научен одбор на Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, септември 2025, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

- Член на научен одбор на Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици“, септември 2023, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

- Член на организациски одбор на Тренинг школа во рамките на COST акцијата CA20121: Bench to bedside transition for pharmacological regulation of NRF2 in noncommunicable diseases (BenBedPhar) под наслов: The NRF2 Network: Molecules, Pathways, and Therapeutic Strategies in Chronic Disease, 26-30 мај 2025 во Охрид.

**Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)**

- Во последните пет години таа е рецензент на 5 научноистражувачки труда во реномирани научни списанија со импакт-фактор: Scientific Reports (Springer Nature), Plants, Current Issues in Molecular Biology, Pharmaceuticals, Applied Sciences (MDPI).

- Рецензент на 2 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор: Journal of Agriculture and Plant Science, (UGD), Macedonian Pharmaceutical Bulletin (MFD).

- **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во периодот од февруари 2022 до јуни 2026 година, кандидатката д-р Викторија Максимова има објавено рецензирани наставни материјали за студентите на студиската програма Фармација и зела активно учество во универзитетски и факултетски комисии за развој на стручно-апликативната и организациско-развојна дејност.

**Објавен наставен материјал (февруари 2022 – јуни 2026)**

Освен објавените наставни материјали во форма на рецензиран учебник и рецензиран практикум:

Максимова В., (2023) „Фитофармација-современи аспекти на употребата на хербални биоактивни компоненти“ – учебник. Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Факултет за медицински науки. ISBN: 978-608-277-024-6, http://e-lib.ugd.edu.mk/1167

Максимова В., Веселинова Б., Богевски К. (2026) Ботаника за фармацевти-практикум. Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Факултет за медицински науки. ISBN: 978-608-277-158-8, https://e-lib.ugd.edu.mk/1271, кандидатката д-р Викторија Максимова била и

- претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебникот: „Фармакогнозија“ за четврта година средно стручно образование за образовниот профил Фармацевтски техничар (Решение бр. 26-808/1 од 28.5.2024 година).
- член на Рецензентска комисија за издавање на второ издание на учебник со наслов: „Изолација на природни продукти“ од авторите Билјана Ѓорѓеска и Сања Костадиновиќ Величковска (Одлука бр. 2002-270/25 од 31.10.2023 година).

**Член на универзитетски тела и комисии (февруари 2022 – јуни 2026)**

Член на Универзитетски сенат при Универзитет „Гоце Делчев“ од Факултет за медицински науки со Одлука бр. 2002-233/8 од 4.10.2024 год. (избрана по заминување во пензија на претходен сенатор од Факултет за медицински науки).

Член на Универзитетски сенат при Универзитет „Гоце Делчев“ од Факултет за медицински науки со Одлука бр. 2002-85/5 од 3.4.2025 год.

Член на Универзитетска изборна комисија за спроведување на постапка за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со Одлука бр. 0201-411/2 од 12.5.2025 год.

**Член на факултетски органи и комисии**

Претседател на Дисциплинска комисија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ со Одлука бр.2002-282/11.

Член на Факултетска изборна комисија за спроведување на постапка за тајно гласање за избор на декан на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ со Одлука бр. 2002-43/5 од 28.1.2025 година.

**Други стручни комисии и членства**

Член на Комисија за традиционални хербални лекови при Агенција за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија со Решение бр.03-9010/1 од 23.7.2025 година и исправка на техничка грешка со Решение за изменување бр. 03-9010/3 од 27.10.2025 година.

Член на Фармацевтска комора на Македонија (2009 година- тековно).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршената евалуација на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека д-р Викторија Максимова остварила значајни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, потврдувајќи континуиран академски и професионален развој. Кандидатката е автор на бројни научни трудови објавени во реномирани меѓународни списанија, реализира научноистражувачки проекти и развива успешна меѓународна академска соработка. Нејзиниот придонес во наставниот процес се потврдува преку долгогодишниот ангажман во наставата на предметите од областа на фармацевтската ботаника и фармакогнозијата, како и преку менторството на кандидати од сите циклуси на студии.

Преку евалуацијата на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно апликативната активност, комисијата го верификува наставно-

научниот и стручен развој на кандидатката д-р Викторија Максимова со вкупно поени 260,8 (НО 40 + НИ 161,8 + САОР 59). Според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип кандидатката д-р Викторија Максимова ги исполнува сите критериуми за да биде избрана во звањето редовен професор.

Врз основа на анализата на приложената документација, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **да го усвои нашиот извештај и кандидатката д-р Викторија Максимова да ја избере во звањето редовен професор во наставно-научната област фармацевтска ботаника (3.05.02.09) и фармакогнозија (3.05.02.10) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Одлуката да се достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Ѓоше Стефков, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Карапанџова, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Светлана Кулеванова, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Татјана Кундаковиќ Васовиќ, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Лилјана Колева Гудева, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (останати автор, над 5 коавтори) (бр. I.1.1., I.1.2., I.1.3., I.1.4.,и I.1.6.) | | | 5 | 5 x 0,7 | 17,5 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор, над 5 коавтори) (под ред. бр. I.1.5.) | | | 1 | 10 x 0,7 | 7 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, до 5 коавтори) (под ред. бр. I.2.7) | | | 1 | 9 x 1 | 9 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор, до 5 коавтори) (бр. I.2.2 и I.2.6) | | | 2 | 6 x 1 | 12 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори, до 5 коавтори) (ред.бр. I.2.3) | | | 1 | 3x1 | 3 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори, над 5 коавтори) (ред.бр. I.2.1, I.2.4, I.2.5 ) | | | 3 | 3x0,7 | 6,3 |
| | Пленарно предавање на научен собир во странство (под бр. I.4.1 и I.4.30) | | | 2 | 6 | 12 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер):<br>- Во земјата (под бр. I.4.4, I.4.5, I.4.6, I.4.7, I.4.8, I.4.11, I.4.14, I.4.18, I.4.19, I.4.24, I.4.25, I.4.26, I.4.27, I.4.28, I.4.31<br>- Во странство (под бр. I.4.2, I.4.3, I.4.9, I.4.10, I.4.12, I.4.13, I.4.15, I.4.16, I.4.17, I.4.20, I.4.21, I.4.23, I.4.29, I.4.32) | 15 | 1 | 14 | 1,5 | 36 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) CA23119, CA20121, CA19116 | | | 3 | 3 | 9 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | 1 | 4 | 4 |
| | Уредник на зборник на трудови од научен собир | | | 2 | 1 | 2 |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир | 3 | 1 | | | 3 |
| | Награди-признанија за научни постигнувања<br>2 признанија за научен придонес за 2022 и 2023 од УГД,<br>2 награди за објавен труд со фактор на влијание во 2025 | 4 | 5 | | | 20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Студиски престој во странство<br>(Еразмус + мобилност) | | | 1 | 8 | 8 |
| | Рецензент на научен труд<br>5 труда во СЦИ списанија<br>2 труда во ЦА списанија | | | 5<br>2 | 2<br>1,5 | 13 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **161,8** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Учебник | 1 | 10 | | | **10** |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание (ред.бр. I.3.1 и I.3.2) | 2 | 2 | | | **4** |
| | Пленарно предавање на стручен собир во земјата (под бр. I.4.22) | 1 | 2 | | | **2** |
| | Учесник во научен проект<br>(ACE2-EU), (MeDiWeb) | | | 2 | 8 | **16** |
| | Член на универзитетски тела<br>Член на Универзитетски сенат<br>(2 мандати) | 2 | 5 | | | **10** |
| | Член на Комисија за традиционални хербални лекови при Агенција за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на факултетски орган, комисија:<br>-Претседател на дисциплинска комисија<br>-Член на Комисија за избор на декан<br>-Член Комисија за избор на ректор<br>-Член на Рецензентска комисија за издавање на учебник Изолација на природни продукти<br>-Член на Рецензентска комисија за учебник Фармакогнозија за средно стручно образование<br>- Член на Комисија за избор на лаборантl | 6 | 2 | | | **12** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **59** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **260,8** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука за формирање на Рецензентска комисија бр. 2107-79/4 од 8.6.2026 година и Одлука за измена и дополнување на Одлука за формирање на Рецензентска комисија бр. 2102-95/5 од 22.6.2026 година, донесени од Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, определени сме за членови на Рецензентска комисија:

- д-р Душко Јошески, претседател, вонреден професор од обласа економија при Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Дарко Лазаров, член, редовен професор од обласа економија при Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Наташа Митева, член, вонреден професор од обласа маркетинг при Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер" и „Коха" на 23.5.2026 година.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, согласно со член 132 од Законот за високо образование го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во весниците „Вечер" и „Коха" на 23.5.2026 година на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област економија се пријавила кандидатката: доц. д-р Данче Николовска-Вратеовска.

Врз основа на поднесената пријава и поднесените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

***Биографски податоци***

Доц. д-р Данче Николовска Вратеовска е родена на 03. 01. 1980 г. во Штип. Средно училиште со одличен успех завршува во Штип, во Гимназија „Славчо Стојменски", на природно-математичката насока и е повеќекратно наградуван ученик на математички натпревари, поезија и ликовна уметност. На 10/11/2003 г. дипломира на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Департманот за економија со просечна оценка 8,00. Своето образование го продолжува во учебната 2007/2008 година запишувајќи се на постдипломски студии на Катедрата по монетарна економија на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, при што магистрира на 01/07/2011 г. со одбрана на магистерскиот труд „Финансискиот систем и глобалната економска криза (2008)" под менторство на проф. д-р Михаил Петковски пред Комисија за одбрана: проф д-р Михаил Петковски, Академик проф. д-р Таки Фити, проф. д-р Владимир Филиповски

(среден успех 8,78) и се стекнува со академски степен магистер по економски науки од областа на монетарната економија. Докторира на 04/07/ 2014 г., исто така на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, под менторство на проф. д-р Владимир Филиповски пред Комисија за одбрана: претседател проф. д-р Михаил Петковски и членови: проф д-р. Владимир Филиповски, Академик проф. д-р Таки Фити, проф. д-р Љубе Трпески и проф. д-р Горан Петрески. Со одбраната на докторската дисертација под наслов „Влијанието на финансиските институции врз макроекономската и финансиската стабилност“ се стекнува со звање доктор на економски науки. Од 2011 година, кандидатката е член на Алумни клубот на монетаристи на студиумот по монетарна економија, финансии и банкарство при Економски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Во 2004 година професионалната кариера ја започнува како комерцијалист и маркетинг агент за неколку истакнати бренда; до 2008 година работи како кредитен аналитичар за бизнис сектор при Стопанска Банка АД Скопје; додека од 2009 г. до денес работи како даночен службеник во Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, Регионална дирекција Штип, каде што одреден период била раководител на Одделение за наплата и управување со долг; а тековно е на позиција Заменик управник на Управа за јавни приходи Регионална дирекција Штип.

Од 2012 до 2016 година е член на Регионалната комисија за кредитирање при самовработување и вработување на невработени лица – Проект на Влада - носител Агенција за вработување21, од 2022 година до денес е член во Национален проектен тим за спроведување на проектна задача за формирање на Центар за извонредност во дејствијата попис, процена, заплена и јавна продажба на имот заради наплата на данок (Центар за даночно извршување) - Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, International Monetary Fund - technical mission; и од 2022 година до денес член на Комисија за водење на посебни постапки за утврдување на данок на непријавен доход (потекло на имот) при Управа за јавни приходи.

Во периодот од 2004 г. до 2009 г. е избран советник при Совет на о. Штип и истиот период е потпретседател на Комисија за управување со финансии и местен самопридонес, член на Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој, претседател на Комисија за еднакви можности и член на Комисија за права на детето. Во интервалот 2013-2017 повторно е избрана за член на Совет на о. Штип и е претседател на Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој, член на Комисија за образование, член на Комисија за култура и член на Комисија за еднакви можности. Во периодот од 2007-2010 г. учествува во спроведување на Анкета за пазар на работна сила и пробен Попис на население – носител Државен завод за статистика. Во интервал 2008 – 2012 г. е член на Управен одбор на регионален противпожарен сојуз а од 2011 г. до 2013 г. е Член на управен одбор на Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј Штип.

Од 2001 година до денес таа е член на повеќе здруженија на граѓани, координатор, соработник на проекти, ангажиран експерт, предавач и излагач на национални и меѓународни форуми, дебати, трибини, стручни собири, консалтинг и обуки на теми економија, финансии, претприемништво, менаџмент и женски права. Во текот на 2008 година е локален координатор и